ОПШТИНА ПРИЛЕП
-Локална самоуправа-
Бр. 03-2549/2
17.09.2024 год.
ПРИЛЕП

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРИЛЕП

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

од 16.09.2024 год.
Прилеп

Врз основа на член 27 став (5), како и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ 32/20) и член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02), член 26 од Статутот на Општина Прилеп, Градоначалникот на Општина Прилеп го дава следното:

**СООПШТЕНИЕ**

**Се организира јавна презентација и јавна анкета за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ 5.2, БЛОК 5.2.6, ОПШТИНА ПРИЛЕП.**

Опис на планскиот опфат:

Според состојбата на терен опфатот кој е предмет на изработка на детален урбанистички план за четврт 5, блок 5.2.6, се наоѓа на 2,5 км од централното градско јадро во правец исток-запад. Границата на планскиот опфат е дефинирана со границите на Блок 5.2.6, како што е одредена со Регулациски план на ГУП на Град Прилеп 2013-2023 за Четврт 5.2, Блок 5.2 усвоен со Одлука број 09-1644/17 од 29.06.2021 година.

Планскиот опфат кој е предмет на изработка на детален урбанистички план за четврт 3, блок 3.1, е дефиниран со следните граници:

Површината на планскиот опфат во рамки на опишаните граници износува вкупно **1,78 ha**, односно **17812,1517m²**.

Периметарот на планскиот опфат изнесува **580,341 m'**.

Границите на планскиот опфат се следните:

**Од Север:** по оска на собирна улица „Леце Котески";
**Од Запад:** по оска на новопланирана индустриска улица „И-3";
**Од Југ:** по оска на новопланирана индустриска улица „И-5";
**Од Исток:** по оска на новопланирана сервисна улица „Се-1".

Јавната анкета и јавната презентација ЗА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ 5.2, БЛОК 5.2.6, ОПШТИНА ПРИЛЕП ќе се спроведе со излагање на Нацрт Планот во просториите на Општина Прилеп.

Јавната анкета ќе трае 32 (триесет и два) дена и тоа од 03.10.2024 година до 05.11.2024 година, секој работен ден од 8.30 до 15.30 часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретно подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 04.10.2024 година, петок во 12:00 часот во просториите на Општина Прилеп.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Прилеп**
**Борче Јовчески**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРИЛЕП

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

